*Официјален правилник на клубот*

## *Запознавање*

1. *Regent Diplomatic & Business Club* е комплекс за релаксација и рекреација, кој се заснива на одреден критериум на членство во клубот и правила на достапност до услугте кои ги нуди истиот.

2. За правилното функционирање на *Regent Diplomatic & Business Club* и организацијата на клубските активности е одговорен Регент Клуб дооел.

## *Членство*

1. Членови на клубот можат да бидат сите вработени во странски претставништв и дипломатски мисии во Република Македонија, се додека се во дипломатски ранг.

2. Во рамки на расположливиот капацитет, статус *член* во клубот може да добијат и видни претставници од бизнис, политичките и културните кругови, врз основа на писмена молба до управителот на Регент Клуб, заедно со една препорака од член активен најмалку една година или со препопрака дирекно од управителот на клубот.

3. Членството во клубот започнува со подигање на членската картичка, односно со уплата на сумата за члеснтво на годишно ниво.

4. Членската картичка е лична и не смее да се дава на користење на трети лица.

5. Различните типови на членски картички, годишните суми за членство како и услугите кои тие ви ги овозможуваат се наведени во прилогот.

## *Права на членовите*

1. Основно право на членовите на клубот е да уживаат во сите поволности кои им ги нуди клубот во согласнст со типот на членската картичка која ја поседуваат.

2. Секој член на клубот има право на квалитетна услуга во рамки на капацитетот и привилегиите кои му ги нуди членството во клубот.

3. Сите препораки, сугестии, забелешки и критики во врска со активностите во рамките на клубот од страна на секој член се добредојдени.

## *Обврски на членовите*

*Со цел да се обезбеди спокојноста на другите посетители, сопствената и безбедноста на другите посетители, секој член на клубот е должен:*

1. да ги почитува правилата и прописите за користење на содржините во клубот;

2. навремено да ги информира надлежните во клубот за секоја промена на направените резервации;

3. да ги почитува нормите на дискреција и приватност, со неиздавање на информации поврзани со другите членови на клубот.

## *Гости во придружба на членот*

1. Членската картичка дава право на продружба од личности блиски на носителот.

2. Семејството на носителот на картичката, во негово присуство, ги ужива сите привилегии како и членот на клубот.

3. Членот има право на придружба од личности кои не се членови на клубот само во рамки на закажани термини и истите немаат право на користење на содржините во клубот со исклучок на кафе-барот.

## *Правила и прописи*

1. Право на влез во клубот немаат униформирани лица по било кој основ.
2. Се забранува внесување на оружје и други распрскувачки материјали кои претставуваат потенцијална опасност по животот и здавјето на посетителите.
3. Се забранува внесување на домашни миленичиња.
4. Се забранува внесување на било какви прехранбени производи.
5. Сите пиротехнички материјали и активности потребни за дополнителен амбиент за време на прослави, организаторот е обврзан да ги пријави во локалната полициска станица.
6. Секоја намерно направена штета на објектот и сите негови пропратни елементи, паѓа на терет на носителот на членската картичка.
7. За прекршување на овие правила или за непочитување на правилата на клубот управителот има право да му ја одземе членската картичка на носителот на истата.